[redacted]

ДАТУМ January 30, 2024

ДО

ОПШТИНА Ранковце

Адреса: „с.Ранковце“

За Градоначалникот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 06.02.2024			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
25	182/1	-	-

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
19__ год.
Потпис

ПРЕДМЕТ: Барње за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (“Службен Весник на Република Македонија бр. 13 / 01.02.2006 година и измените од 14.07.2008 година, 15.01.2010 година и 03.03.2014 година), [redacted] карактер:

1. Информација и електронски запис (или мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Ранковце за процена на недвижен имот;

2. Просечни цени од м² на продадени недвижности во 2023 година **по катастарски општини во општината Ранковце** ,по типови на недвижност и тоа:
Индивидуални станбени згради-куќи, станови во колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици);

3. Просечни цени од м² на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2023 година по катастарски општини.

4. Просечни цени од м² на продадено на земјоделско земјиште за 2023 год. по групи на населени места и катастарски општини, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Ранковце и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Ранковце за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експропирано земјоделско земјиште на подрачјето на Општината согласно со прописите за експропријација;

Информациите ги барараме согласно Законот за процена (Службен весник на Република Македонија РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 , 64/12 , 188/14, 104/15, 153/15 192/15 и

30/16), според кој процена можат да вршат лиценцирани фирми со проценители кои имаат добиено соодветни уверенија за поедини области (недвижен имот, транспортни средства и машини и опрема,земјоделие и сл.).

Согласно наведеното, овие податоци се од основно значење за работата на друштвото и за Општината, односно за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во електронски запис.

Барател на информацијата:

[redacted]

Прилог:

1. Лиценца

ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА!

Со почит,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 25-182/4

15.02 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), а постапувајќи по Барањето за пристап до информација од јавен карактер поднесено од [redacted] заведено под број 25-182/1 на ден 06.02.2024 година во архивата на Општина Ранковце, Градоначалникот на Општина Ранковце донесе

РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под број 25-182/1 на ден 06.02.2024 година **СЕ УВАЖУВА.**

Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага Општина Ранковце.

Образложение

До Општина Ранковце на ден 06.02.2024 година [redacted] поднесе Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено во архивата под број 25-182/1, со кое бара од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да и бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации наведени во погоре цитираното барање.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

- Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце бр.09-1273/9 од 27.12.2023 година; и
- Табеларен преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце кој е составен дел на Одлуката.

Одлуката е објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце" бр.15 од 29.12.2023 година на веб страницата на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk

Согласно погоренаведеното Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Ленче Добрашиновиќ

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-182/4
15.02 2024 год.
РАНКОВЦЕ

До
[redacted]

Предмет:Доставува информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено во архивата под број 25-182/1 на ден 06.02.2024 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го усвои Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

- Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце бр.09-1273/9 од 27.12.2023 година; и
- Табеларен преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце кој е составен дел на Одлуката.

Одлуката е објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце" бр.15 од 29.12.2023 година на веб страницата на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk

Прилог: Одлука со табеларен преглед.

Со почит,

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Ленче Добрашиновиќ

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Стојковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Архивски знак: 09-1
Рок на чување: ТП
12.02.2024 год.
Потпис,

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 5 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07,102/08,35/11,84/12,188/13,154/15,192/15 и 23/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце(„Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.9/05,4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 33-тата седницата одржана на ден 27.12.2023 година донесе:

ОДЛУКА

за утврдување пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделдско земјиште на територија на Општина Ранковце.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште се земаат во предвид просечните цени на извршените купопродажби во претходната година. Исто така при утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште се зема во предвид видот на катастарската култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можност за иритација, пристапност до парцелата со земјделска механизација, апсорбција на вода и слично.

Земјоделско земјиште погодно за плацеви и викендици се смета она земјиште кое е во промет помало од 1000м^2.

Член 3

Пазарната вредност на земјоделско земјиште опфатено со општ акт за село ќе се пресметува по вредност за м^2 како градежно неизградено земјиште;

Член 4

При утврдување на пазарната вредност на градежното изградено и неизградено земјиште се зема во предвид местоположбата на земјиштето, планираното односно утврдено право на градба и степенот на уреденост.

Член 5

Пазарната вредност на градежните објекти во населените места во општина Ранковце се пресметува согласно член 20 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 6

Табеларниот преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и прегледот кој е составен дел на Одлуката бр.09-1386/6 од 28.12.2022 година.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ранковце“

Бр.09-1273/9
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател.
Александра Стамболиска-Јовановска

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ ЗА ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Ред. Бр.	Катастарска општина	Вредност по $м^2$ за кат.култура ниви, ливади и пасишта	Вредност по $м^2$ за катаст. култура градина, лозје,овоштарник, шуми	Вредност по $м^2$ за двор, ГИЗ, ГНЗ и ЗПЗ
1.	Ветуница	од 10 до 60 денари	од 30 до120 денари	од 150 до 250 денари
2.	Вржогрнци	од 5 до 30 денари	од 30 до 90 денари	од 120 до 180 денари
3.	Герман	од 10 до 150 денари	од 50 до 150 денари	од 100 до 300 денари
4.	Гиновци	од 30 до 150 денари	од 120 до 200 денари	од 250 до 350 денари
5.	Гулинци	од 3 до 10 денари	од 15 до 70 денари	од 80 до 100 денари
6.	Крива Камен	од 3 до 10 денари	од 15 до 100 денари	од 100 до 120 денари
7.	Љубинци	од 30 до 150 денари	од 120 до 200 денари	од 250 до 330 денари
8.	Милутинци	од 10 до 60 денари	од 30 до 100 денари	од 100 до 180 денари
9.	Одрено	од 10 до 130 денари	од 100 до 150 денари	од 150 до 300 денари
10.	Опила	од 15 до 150 денари	од 100 до 200 денари	од 200 до 350 денари
11.	Отошница	од 10 до 100 денари	од 60 до 150 денари	од 150 до 250 денари
12.	Петралица	од 15 до 150 денари	од 60 до 180 денари	од 200 до 350 денари
13.	П'клиште	од 20 до 150 денари	од 60 до 180 денари	од 150 до 400 денари
14.	Псача	од 20 до 150 денари	од 50 до 180 денари	од 200 до 350 денари
15.	Радибуш	од 10 до 100 денари	од 50 до 150 денари	од 150 до 250денари
16.	Ранковце	од 30 до 150 денари	од 150 до 220 денари	од 250 до 450 денари
17.	Станча	од 5 до 30 денари	од 50 до 120 денари	од 100 до 180 денари

ГИЗ-Градежно изградено земјиште; ГНЗ-Градежно неизградено земјиште; ЗПЗ-Земјиште под зграда;